Организација на работодавачите на Македонија-ОРМ
Бр. 0302-29
27.09.2024 год.
СКОПЈЕ

ОРГАНИЗАЦИЈАНАРАБОТОДАВАЧИНАМАКЕДОНИЈА
ORGANISATION OF EMPLOYERS OF MACEDONIA

До

Министерство за Образование и Наука

Министер

Проф. д- р Весна Јаневска

Предмет: Коментари по однос на Предлог – Законот за образование на возрасни

Почитувана,

Во однос на предложените измени на Предлог-Законот за образование на возрасни, би сакале да истакнеме неколку клучни забелешки:

1. Во членот 2, став 2, точка 4 предлагаме: Зборовите "здруженија на работодавачи" да се заменат со зборовите "организации на работодавачи".

**Образложение:** Потребно е да се направи оваа промена во овој Предлог-Закон поради терминолошко услогласување со член 12 од истиов Предлог-Закон како и Законот за стручно образование и обука и Законот за Националната рамка на квалификации.

2. Во член 4, став 1, точка 8 изразот "социјални партнери" предлагаме да се избрише. Исто така наместо зборовите "професионални здруженија на работодавачи" да стојат зборовите "репрезентативни организации на работодавачи".

**Образложение** : Социјални партнери се организациите на работодавачи и синдикатите кои ја докажуваат својата репрезентативност, а со тоа добиваат легитимитет да учествуваат во социјалниот дијалог. Во истиот став веќе се наведени репрезентативните синдикати, но не и репрезентативните организации на работодавачи како социјални партнери. Со тоа што веќе се наведени репрезентативните синдикати, со додавање на зборовите "репрезентативни организации на работодавачи" на местото на зборовите "професионални здруженија на работодавачи" изразот "социјални партнери" е непотребен во тој став. Исто така сакаме да напомениме дека "професионални здруженија на работодавачи" како облик на здружување на работодавачи не постои како израз во ниеден закон.

3. Во член 5 како понудувачи на услуги да се додадат и Коморите.

4. Во член 9, став 2 за член на Советот за образование на возрасни предлагаме да се додадат зборовите "репрезентативната организација на работодавачи".

**Образложение:** Сметаме дека е неопходно репрезентативната организација на работодавачи како социјален партнер да има свој претставник во Советот за образование на возрасни.

5. Во член 13 став 1 предлагаме зборовите "социјални партнери" да се избришат и на нивно место да се додадат зборовите "организациите на работодавачи".

**Образложение:** Социјални партнери се организациите на работодавачи и синдикатите. Синдикатите ги претставуваат интересите работниците, а интересите на работодавачите ги претставуваат организациите на работодавачите. Член 14 ги дефинира надлежностите на синдикатот.

6. Во член 51, став 1 (Центарот соработува со:), предлагаме да се додаде нова алинеја "репрезентативната организација на работодавачи".

**Образложение:** Во член 2, став 4 се дава дефиниција за тоа кои субјекти се сметаат за социјални партнери (здруженија на работодавачи и синдикати), но никаде во текстот на законот не се споменува улогата и соработката со здруженијата на работодавачи ( организации на работодавачи ) како што е предвидено и во Законот за стручно образование и обука и Законот за Националната рамка на квалификации.

7. Во однос на член 52, став 2 предлагаме да се додадат зборовите "еден претставник од репрезентативната организација на работодавачи".

**Образложение:** Сметаме дека е неопходно репрезентативната организација на работодавачи како социјален партнер да има свој претставник во Управниот одбор на Центарот.

Претседател

Скопје 27.09.2024

Владанка Трајкоска